РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1849/2
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1849/1 од 28.06.2024 година, во која се укажува на неисплаќање на плати од страна на работодавач, --------------- “---------------” – -------------- СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предметот со идентични наводи.

Предметот со број 12-1849/1 од 28.06.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.06.2024 година, поднесена е пријава во која се укажува на неисплаќање на плати од страна на работодавач, -------------------“--------” – -----------, по што е оформен предмет со број 12-1849/1 од 28.06.2024 година.
Во пријавата се наведува дека подносителот веќе долго време водел правна битка со институциите заради остварување на своето право во врска со неисплатените плати од страна на ----------------- “----------” – ---------, но сеуште ништо не било решено во негова корист, ниту пак средствата му биле исплатени.
Дополнително, заради здравствени причини, подносителот моли да биде разгледана неговата пријава, што би му помогнало финансиски за да можел да се лекува.
Наведува дека по спроведена судска постапка била донесена Пресуда од Основен суд Скопје II – Скопје и Апелационен суд кои биле во корист на поднсителот на пријавата, но утврдените средства не биле исплатени.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по идентични наводи како од посочената пријава во предмет со број 12-3448/1 од 14.07.2023 година, а по кој на 95-та седница одржана на 17.11.2023 година, донесена е Одлука со број 12-3448/2 од 21.11.2023 година за отфрлање на пријавата,
Согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по случајот, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и донесена е одлука од нејзина надлежност.
Дополнително, видно од документацијата доставена во прилог на пријавата, преземени се мерки од страна на надлежен орган, односно се донесени Пресуда РО. бр.---/--- од --.--.2012 година на Основен суд Скопје 2 Скопје и Пресуда РОЖ.бр.---/-- од --.--.2013 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитовска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата